

Инбох ДООЕЛ Скопје, најуспешниот професионален архивски и дата центар во Македонија, кој на своите клиенти им нуди врвна заштита на податоци и документи во своите физички и дигитални архиви, поради зголемен обем на работа има потреба од вработување на:

ПОМЛАД АДМИНИСТРАТОР НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ

Сектор за информатичка технологија (ИКТ/02).

ИЗБРАНИОТ КАНДИДАТ ЌЕ БИДЕ ЗАДОЛЖЕН ЗА:

- администрирање на базата на податоци
- data mining (прегледување на големи бази на податоци со цел да се генерираат нови информации), структурирање и презентација (управување со информациони системи)
- интеграција на разни апликативни алатки со базата на податоци
- учество во креирање на прилагодени ИКТ решенија и следење на нивна имплементација;
- спроведува обука на крајните корисници на апликациите;
- презентира решенија на нови клиенти.
- континуирано ќе се грижи за унапредување на информатичко – технолошката платформа за електронско управување со документи и креира работни дијаграми и шеми на процеси.

Дополнително, ќе учествува во подготовката на годишниот план за развој на продукти и опрелување на капиталниот и оперативниот буџет потребен за имплементирање на ИКТ продуктите; Изготвува бизнис анализи за корпоративни процеси и создава решенија за автоматизација на истите процеси; одржува редовна комуникација со тимот на продажба и нуди техничка помош околу реализирање на процесите и креира предлози за подобрување на достапноста на платформата, безбедноста и ефикасноста во управувањето со процесите.

КАНДИДАТОТ ТРЕБА ДА ПОСЕДУВА:

- ВСС соодветна на работната позиција, пожелно факултет за информатички науки и компјутерско инженерство или Економски факултет – е-бизнис
- Работно искуство на слична позиција од најмалку 1-2 години, по можност стекнато во интернационална компанија
- Напредни способности за комуникација, добри аналитички способности и способност за решавање на проблеми
- Способност за самостојна работа и работа во тим

Избраниот канидат за својата работа одговара на раководител на сектор.

Вашата професионална биографија и мотивациско писмо испратете ги на jobs@inbox.com.mk, најдоцна до 17 февруари 2017 година, со назнака на огласот за кој аплицирате и шифра на истиот во насловот на пораката.

Сите апликации ќе бидат третирани со строга доверливост. Само селектираните кандидати ќе бидат повикани на интервју.
Работното време започнува од 08:00 часот до 16:00 часот, од понеделник до петок.
Согласно Законот за заштита на лични податоци Ве молиме во Вашата порака да наведете дали прифаќате Вашите податоци да се чуваат во базата на Инбох за идни вработувања. Доколку нема никаква напомена, податоците ќе бидат уништени.

Инбох ДООЕЛ Скопје бара кандидати за горенаведената позиција. Инбох ќе изврши избор на кандидат во рок од 3 месеци од завршувањето на рокот за пријавување на овој оглас.